# З А П И С Н И К
# од 410-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Седницата се одржа на ден: 21.07.2022, четврток во 12:15 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Павлина Црвенковска**, претседател
- **Ханиф Зендели**, член
- **Мери Радевска**, член
- **Лорета Горгиева**, член
- **Сашко Георгиев**, член
- **Мирсад Сурoји**, член
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член
- **м-р Миљазим Мустафа**, член
- **Весна Дамева**, член

Отсутни членови:

- **м-р Селим Адеми**, заменик претседател
- **Гордана Спиреска**, член
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд
- **д-р Никола Тупанчевски**, министер за правда

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секратар
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник
- **Александра Шоптрајанова**, самостоен референт

Седницата е отворена за јавноста и на неа присуствуваа:

- Претставник од **Институт за човекови права**
- Претставник од **Коалиција сите за правично судење**
- Претставник од **ТВ Телма**

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Павлина Црвенковска.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 410-та седница.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа по предлог измените на Дневниот ред.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека под точка на дневен ред има избор на судии поротници во Основен кривичен суд. Укажа дека од материјалите произлегува дека по однос на доставениот предлог веќе е постапено, избрани се судии поротници и констатиран е престанок. Побара појаснување на што се однесува предлогот, бидејќи на седницата од 11.07.2022 година поради оправдани причини е отсутна и предлогот како координатор го нема примено.

Предложи дополнување на дневниот ред, бидејќи пред неколку часа е примен предлог од Основниот кривичен суд за констатирање престанок на судија поротник од Основниот кривичен суд поради исполнување на услови за старосна пензија.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе дека се усвојува предлогот на членот на Советот Весна Дамева да се прошири 3-та точка од дневниот ред и појасни дека со оглед дека колешката е отсутна на посочената седница, дека врз основа на листата и податоците што се доставени од претседателот на Основниот кривичен суд е констатиран престанок на функција судија поротник.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека во материјалите има одлука за избор на судии поротници од седница одржана на 11.07.2022 година, па се поставува прашањето дали одлуката е донесена на таа седница или повторно ќе се одлучува по предлогот.

Поба да се нотира на записник дека во материјалите има одлука за избор на судии поротници на Основен кривичен суд Скопје, и тоа Бети Ангеловска, Гоце Тодоров, Маријан Петровски и Оливера Иванов. Истакна дека одлуката е под бр. 02-971/4 од 12.07.2022 година. Посочи дека е констатирано дека на седницата одржана на 11.07.2022 година донесена е предметната одлука. Додаде дека постои дилема дали Советот повторно ќе носи одлука за избор на

наведените поротници, бидејќи е направен превид и е донесена предметната одлука.

За збор се јави ВД Генералниот секретар на Советот **Весна Толева** и наведе дека четворицата избрани судии поротници се нови судии поротници, кои се избрани во консултации со судот и во интерес на времето, бидејќи за тоа има услови. Појасни дека за тековната седница се предлагаат за избор судии поротници кои во периодот на претходната седница сеуште им трае мандатот и за нив само е констатиран престанок со датум 20.07.2022 година.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и побара појаснување по однос на кој предлог ќе се одлучува, кои судии поротници на тековната седница ќе се избираат, бидејќи во материјалите не е наведено.

За збор се јави ВД Генералниот секретар на Советот **Весна Толева** и реплицираше дека ќе се одлучува по истиот предлог од претходната седница на која само е констатиран истек на мандатот со датум 20.07.2022 година и како би имало континуитет од 21.07.2022 година може да се изврши избор, бидејќи нема пречки за истото.

Откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор Претседателот на Советот Павлина Црвенковска Дневниот ред со предлог измените го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Донесување на Одлука за измена на Одлука за формирање на Комисија  за оценување на работата на кандидати за судии и за претседатели на судови;

2. Формирање на Комисија за подготвување на кандидатски листи;

3. Донесување на Одлука за престанок на функцијата судија поротник на Основен суд Кавадарци и Основен кривичен суд Скопје;

4. Донесување на одлука за избор на судии поротници на Основен кривичен суд Скопје;

5. Одлучување по поднесено барање за надомест на патни трошоци;

6. Одлучување по поднесени жалби и приговори

7. Разгледување на Известување од Апелационен суд Скопје и

8. Разно.

**Точка 1**

(Донесување на Одлука за измена на Одлука за формирање на Комисија за оценување на работата на кандидати за судии и за претседатели на судови)

По повод 1-та точка од дневниот претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека со одлука на Советот бр. 02-656/1 од 12.04.2022 година формирани се две комисии за оценување на работата на кандидати за судии и претседатели на судови. Во едната комисија е член Зоран Теофиловски на кого му е престаната функцијата член на Советот поради престанок на судиската функција, заклучно со 30.06.2022 година и согласно чл. 2 од Правилникот за формирање и работење на комисиите на Советот за редовно и вонредно оценување бр. 01-548/1 од 30.03.2022 година предложи, бидејќи Зоран Теофлиовски е член избран од редот на судиите да се избере на негово место нов член од редот на судиите по пат на ждребување, имајќи ги во obsир претходно донесените одлуки, како не би дошло до повторување на членови-судии кои ќе одлучуваат по приговори.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако никој не се јави за збор се пристапи кон спроведување на ждребување по кое се констатира дека е донесена следната:

О Д Л У К А

За измена и дополнување на Одлуката на Судскиот совет на РСМ

бр.02-656/1 од 12.04.2022 година

Во став 3 алинеја 2 од Одлуката на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-656/1 од 12.04.2022 година, наместо „Зоран Теофиловски-член на Комисијата (член на Судскиот совет на РСМ)", да стои „ Мери Радевска- член на Комисијата (член на Судскиот совет на РСМ)".

Во останатиот дел одлуката останува неизменета.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 2-та точка од Дневниот ред.

**Точка 2**

(Формирање на Комисија за подготвување на кандидатски листи)

По повод 2-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека согласно чл. 9 ст. 1 ал. 1 од Законот за Судски совет е распишан оглас за избор на членови на Советот и истиот е објавен во Службен весник на 20.07.2022 година и согласно чл. 13 од Законот за Судски совет, потребно е Советот да формира Комисија за подготвување на кандидатски листи.

Информираше дека со оглед дека законот не е дециден и вели дека Советот формира Комисија, а за да се одбегне субјективизмот при определувањето на членовите на Комисијата, предложи да се постапи по истиот принцип по кој се постапува при избор на комисиите на известители и како што се избираат комисиите за оценување, односно истото да се изврши по пат на ждребување.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот - изборот на комисијата за подготвување на кандидатските листи да се оформи по пат на ждрепка е усвоен.

Во таа насока се спроведе ждребување и се констатира дека е донесена следната:

О Д Л У К А

Се формира КОМИСИЈА за подготовка на кандидатски листи, во состав од:

Лорета Горгиева - претседател на Комисијата;
Мери Радевска- член на Комисијата и
М-р Миљазим Мустафа- член на Комисијата.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 3-та точка од Дневниот ред.

**Точка 3**

(Донесување на Одлука за престанок на функцијата судија поротник на Основен суд Кавадарци и Основен кривичен суд Скопје)

#По повод 3-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска ја презеде обврската да го презентира извештајот со предлог листа за престанок на функцијата на судии поротници на Основен суд Кавадарци, од причина што координаторот на судот е отсутен поради користење на денови од годишен одмор.

Информираше дека од страна на претседателот на Основниот суд Кавадарци до Советот е доставен предлог за престанок на функцијата судија поротник во Основниот суд Кавадарци на тројца судии поротници, Роберта Пенчева, Кристина Јованова и Јованка Митрова поради истек на мандатот на 20.07.2022 година, кој предлог е доставен до Советот под бр. 04СУ-35/2022 од 18.07.2022 година.

Информираше дека по разгледување на предлогот на претседателот на Основниот суд Кавадарци и согласно евиденцијата со која располага Советот најде дека се исполнети условите за утврдување престанок на функцијата на наведените судиии поротници на Основниот суд Кавадарци, избрани со Одлука на Советот бр. 02-1087/2 од 19.07.2018 година и предложи да се констатира престанок на функцијата судија поротник поради истек на мандатот.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека е донесена следната:

О Д Л У К А

На Роберта Пенчева, Кристина Јованова и Јованка Митрова, избрани за судиии поротници на Основен суд Кавадраци со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија бр. 02-1087/2 од 19.07.2018 година им престанува функцијата судија поротник, поради истек на мандатот на 20.07.2022 година.

#По повод следната потточка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска збор му даде на членот на Советот Весна Дамева во својство на координатор.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и информираше дека ВД претседателот на Основен кривичен суд Скопје со допис бр. 03СУ-324/22 од 18.07.2022 година, заведен во Советот под број 02-1332/1 од 21.07.2022 година, достави предлог до Советот судијата поротник Лидија Ѓорѓиевска од Скопје да биде разрешена поради навршени 60 години возраст.

Информираше дека по разгледување на предлог на ВД претседателот на Основниот кривичен суд Скопје, извршениот увид во регистерот на судии поротници и приложеното уверение за државјанство, констатира дека судијата поротник Лидија Ѓорѓиевска од Скопје е родена на 15.07.1962 година, па во смисла на чл. 80 став 1 ал. 5 од Законот за судовите, предложи да се констатира престанок на мандатот на судијата поротник Лидија Ѓорѓиевска од Скопје, поради навршени 60 години возраст.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека е донесена следната:

О Д Л У К А

На Лидија Ѓорѓиевска, избрана за судија поротник на Основен кривичен суд Скопје со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија бр.02-829/3 од 11.06.2020 година и престанува функцијата судија поротник, поради навршени 60 години старост.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 4-та точка од Дневниот ред.

## Точка 4

(Донесување на одлука за избор на судии поротници на Основен кривичен суд Скопје)

По повод 4-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека до Советот, ВД претседателот на Основниот кривичен суд Скопје, со допис бр. СУ-03-227/2022-1 од 07.07.2022 година достави предлог листа на кандидати за избор на судии поротници кои ги исполнуваат законските услови за вршење на функцијата судија поротник.

Информираше дека по разгледување на предлог листата на кандидати се констатира дека кандидатите ги исполнуваат законските услови за вршење на функцијата судија поротник и се состави следната предлог листа за избор на судии поротници на Основен кривичен суд Скопје: Вања Штерјова, Гордана Бошковска, Елизабета Митковска, Жаклина Величковска, Ленче Таневска, Мара Данилова, Милена Миленкоска, Оливера Шокларовска и Стефан Ѓиноски.

Во продолжение, претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е спроведено гласањето.

Согласно чл. 53 ст. 3 од Законот за Судскиот совет на РСМ кога Советот избира судија-поротник во суд кој се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

Во таа насока, претседателот на Советот Павлина Црвенковска побара да гласаат членовите на Судскиот совет припадници на заедниците кои не се мнозинство во РСМ.

По гласањето констатира дека едногласно, со 4 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ гласале членовите на Судскиот совет припадници на заедниците кои не се мнозинство во РСМ.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е донесена следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**

За судии поротници на Основен кривичен суд Скопје се избрани:

1.Вања Штерјова,
2.Гордана Бошковска,
3.Елизабета Митковска,
4.Жаклина Величковска,
5. Ленче Таневска,
6. Мара Данилова,
7.Милена Миленкоска,
8. Оливера Шокларовска и
9. Стефан Ѓиноски.

Одлуката влегува во сила од 21.07.2022 година

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 4-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 5-та точка од Дневниот ред.

**Точка 5**

(Одлучување по поднесено барање за надомест на патни трошоци)

По повод 5-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека Дарко Ристов, судија на Основен суд Кочани на ден 11.07.2022 година до Советот достави барање за надомест на трошоци за превоз заведено во Советот под бр. 05-1257/1 од 11.07.2022 година.

Информираше дека во барањето судија наведува дека со решение на Советот, бр. 02-1210/1 од 06.07.2022 година времено е упатен за вршење на судиската функција во Основен суд Берово, сметано од 01.07.2022 година, за период од една година. Со оглед на околноста што живее во една општина, а судиската функција ќе ја извршува во друга општина каде е упатен, во која општина ниту тој, ниту членови на неговото семејство не поседуваат недвижност, судијата бара да му се утврди правото на надомест на трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај на релација Кочани-Берово.

Информираше дека по разгледување на доставената документација е утврдено дека судија Дарко Ристов ги исполнува

законските услови за остварување на правото надомест на трошоци за превоз и Предложи барањето да се уважи.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесено следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на ДАРКО РИСТОВ, судија на Основен суд Кочани за надомест на трошоци СЕ УВАЖУВА.

На ДАРКО РИСТОВ, судија на Основен суд Кочани му се СЕ УТВРДУВА

- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 01.07.2022 година, па во иднина се додека, судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Берово, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Кочани - Берово и обратно.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 5-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 6-та точка од Дневниот ред.

**Точка 6**

(Одлучување по поднесени жалби и приговори)

По повод 6-та точка од дневниот ред членот на Советот **Весна Дамева** процедурално извести дека мора да ја напушти седницата, бидејќи е подносител на барањето за утврдување на одговорност против судијата .. Предочи дека известува, а одлуката е на Советот.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека и покрај тоа што колешката Весна Дамева е подносител на барањето, во конкретниот случај станува збор за процесно прашање. Потенцира дека не се одлучува по жалбата, туку дали се има право на жалба и нема причини да не се учествува во одлучувањето.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека правилно размислува колешката Весна Дамева и треба да се изземе во конкретниот случај, со оглед дека е подносител.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека како подносител на барањето колешката треба да се изземе. Посочи дека колешката не е член на Комисија, туку е подносител на барање и тоа е друга улога и треба да се изземе.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека предлогот не треба да се гласа, туку Советот треба да има став за таквите работи следејќи ги упатствата на Судот за човекови права.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека во конкретниот случај не бара изземање и се прашува зашто стои предлог за изземање. Укажа дека согласно законските одредби не треба да присуствува на седницата и треба да ја напушти во моментот. Нагласи дека не смее да присуствува заради евентуални идни понатамошни дејствија, но не може сама да одлучи, туку Советот треба да го стори тоа. Потенцира да не се доведе под сомнеж, но не изземање, туку не смее да присуствува во било која фаза на постапката.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека членот на Советот Весна Дамева ја напушти седницата, бидејќи е подносител на барањето за утврдување на одговорност против судијата.

#По повод 6-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека согласно чл. 72 ст. 5 од Законот за Судски совет доколку Советот за жалба го укине решението на Судскиот совет, Судскиот совет ќе ја повтори постапката, задолжително почитувајќи ги напатствијата од Советот за жалба и ќе донесе одлука и истата јавно ќе ја објави на својата веб страница. Согласно чл. 72 ст. 6 од Законот за Судски совет против одлуката од ставот (5) од истиот закон не е дозволена жалба или тужба.

Информираше дека во конкретниот случај првичното решение на Судскиот совет, Советот за жалби при Врховниот суд го укина, Судскиот совет повторно постапуваше и донесе одлука со која што го разреши судијата. Согласно законските одредби одлуката на

Судскиот совет е конечна и Законот за Судски совет не предвидува право на жалба на конечната одлука на Судскиот совет.

Во продолжение претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека во чл. 72 од Законот за Судски совет судијата нема право на повторна жалба по повторно донесена одлука на Судскиот совет. Појасни дека чл. 72 е предмет на неговата уставност и предмет на разгледување пред Уставниот суд и Уставниот суд носи одлука со која јасно и гласно потенцира дека со чл. 72 е запазено правото на двостепеност во постапката при утврдување на одоговорност и разрешување на судии така што изричино во чл. 72 се дадени можностите за користење на правен лек - жалба од страна на судијата само на решението кое што е донесено од страна на Судскиот совет во постапката со која што е утврдено одговорност и констатирано разрешување, меѓутоа по донесување на конечно решение од Судскиот совет, по веќе вложена жалба од страна на судијата, во тој случај судијата нема право на повторна жалба.

Од тие причини предложи жалбата да се отфрли како недозволена.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесено следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на .. против решението на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр. 10-7/5 од 07.04.2022 година за разрешување на ..., судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија за дејствија сторени како ВД Претседател на Основен суд Скопје 1 Скопје, се отфрла како недозволена.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека членот на Советот Весна Дамева повторно е присутна на седницата.

#По повод следната потточка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека од страна на Ѓорѓи Маневски, поранешен судија на Основен суд Струмица, преку Адв. Ване Андреев од Струмица е доставена жалба против решението на Судскиот совет со кој е утврден престанок на судската функција поради исполнување на услови за старосна пензија и е ставено вон сила решението со кое му е продолжен мандатот. Судијата смета дека има суштествени повреди на законот, повреда на уставот, треба да се примени чл. 52 од Уставот и смета Судскиот совет треба да донесе поинаква одлука од таа што е донесена на седницата одржана на 01.07.2022 година.

Во продолжение претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека жалбата не е насловена до Судскиот совет, туку до Врховен суд и Судскиот совет не може да одлучува по жалбата.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека со оглед на фактот дека во чл. 72 од Законот за Судски совет точно е определено во кој случај судијата против кој е водена постапка за утврдување на одговорност има право на правен лек и до кого се поднесува жалбата, не зависно од конкретниот случај што жалбата е насловена до Врховен суд, жалбата е примена во Судскиот совет, подносителот ја доставил жалбата до Судскиот совет и не се гледа причина да се препраќа недозволената жалба до Врховен суд, бидејќи во ниеден случај во Законот за Судскиот совет нема одредба со која се дозволува на жалба против решение на Судскиот совет за разрешување на судија да биде доставена ниту до Врховен суд, ниту до било кој друг суд во земјата. Истакна дека дури ни жалбата против првостепеното решение на Судскиот совет не се доставува до Врховен суд, туку се доставува до посебен Жалбен совет кој што се формира при Врховен суд, но со точно определен состав како што е наведено во Законот. Констатира дека од тие причини така поднесената жалба која е доставена до Судскиот совет, не зависно што е насловена до Врховен суд нема законски основ да се препраќа до Врховен суд.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека нема основ Врховниот суд да одлучува по жалбата, меѓутоа се работи во конкретниот случај не за разрешување, туку за престанок

на судиска функција поради примена на Закон, кој по нејзино убедување е незаконски применет и е спротивен на Уставот. Посочи дека во конкретниот случај се работи за работен однос по ЗРО, а судиите имаат мандат кој им е продолжен по 30.06.2022 година и тука не може да стане за збор да одлучува Врховен суд, ниту пак Советот за жалби, меѓутоа судиите имаат право на судска заштита според Устав и тоа е загарантирано. Укажа дека правото на приговор не е регулирано во Законот за судови, нити во Законот за Судскиот совет, меѓутоа судиите во секој случај имаат право на заштита на своите права.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека судската заштита е обезбедена со правото на судиите да правото се бара по пат на тужба до Управниот суд и никаде во Законот не стои право на жалба и приговор.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека од процедурален аспект жалба не е дозволена, меѓутоа и со оглед на тоа до каде е адресирана таа сепак е пратена до органот којшто ја донел одлуката. Посочи дека во конкретниот случај без оглед до кого жалбата е адресирана, не треба истата да се препраќа. Додаде дека доколку постои било каква дилема дали треба да се препрати до Врховен суд, од процедурални причини не може да се прати, бидејќи првата фаза ја оценува првостепениот орган, односно за навременоста, дозволеноста и целосноста на жалбата одлучува првостепениот орган. Укажа дека нема дилеми дека Судскиот совет по однос на жалбата треба во моментот да го искаже својот став. Нагласи дека судска заштита има, таа не е нарушена, меѓутоа не со поднесување на жалба на таков начин.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе дека на Ѓорѓи Маневски, согласно чл. 57 ст. 2 од Законот за Судскиот совет со решение на Судскиот совет утврден е престанок на судиската функција заради исполнување на услови за старосна пензија. Посочи дека Законот за Судскиот совет не предвидува дека на решението со кое се констатира исполнување на услови за старосна пензија има право на жалба или приговор. Од тие причини предложи жалбата поднесена од Ѓорѓи Маневски да се отфрли како недозволена.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесено следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на Ѓорѓи Маневски судија на Основен суд Струмица поднесена против решението на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-1195/19 од 01.07.2022 година преку полномошник Андреев Ване Адвокат од Струмица, СЕ ОТФРЛА како недозволена.

#По повод следната потточка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека поранешни судии на Апелациониот суд Битола, Основен суд Битола и Апелационен суд Штип доставуваат приговори против решенијата на Судскиот совет со којшто е констатиран престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

Во продолжение претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека има приговори кои се доставени пред да се добијат решенијата и ако приговорите се однесуваат на тоа дека не се добиени решенијата нема што да се разгледува. Укажа дека друга е состојбата доколку има суштествени приговори во однос на доставените решенија.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и реплицираше дека точно е дека по мејл се доставени приговори уште пред да бидат доставени решенијата, но Советот ќе постапува и по едните и по другите со тоа што во изреката ќе биде точно наведено.

Информираше дека Корнелија Давчева, претседател на Апелациониот суд во приговорот наведува дека не се исполнети условите за нејзино пензионирање, бидејќи истата била претседател на суд и смета дека и трае мандатот како претседател на суд.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека конкретно, колешката Корнелија Давчева, има доставено допис со кој го запознава Советот со нејзино видување и

убедување за одредени настани. Потенцира дека конкретниот допис не е предмет за дискусија.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и реплицираше дека не се навлегува во содржината, туку само дали е дозволен приговорот или не од процесен аспект.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека не го гледа дописот како приговор, туку како иднивидуално видување на одредени работи од страна на судијата.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и реплицираше дека во секој случај допис е стигнат до Судскиот совет и подобро е да се произнесе Советот, да се цени дописот како приговор, отколку да остане нешто да виси.

Информираше дека Корнелија Давчева преку полномошник Адв. друштво Менкиновски достави уште еден приговор во кој што наведува дека нејзиниот мандат со решение на Советот е продолжен до 06.03.2022 година. Судијата наведува дека тоа и е уставно загарантирано право и дека има повреда на правото на правен лек, повреда на правото на жалба и предлага на Судскиот совет да донесе решение со кое што ќе го усвои приговорот, поништи решението на Судскиот совет и да се задолжи Судскиот совет веднаш да го врати мандатот на Корнелија Давчева, судија-претседател на Апелационен суд и да го продолжи до 06.03.2023 година.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека по однос на дописот од претседателот на Апелациониот суд Штип од 04.07.2022 година нема што да се гласа, нема што да се одлучува, бидејќи дописот е доставен на запознавање и е доставен пред прием на одлуката. Укажа дека е ставено во материјалите за седница, членовите на Советот се запознати и не може да се спојат двата поднесоци и да се одлучува. Дополни дека нема можност за одлучување и така е насловен дописот од претседателот на судот, да се извести Советот и е пред прием на одлуката. Потенцираше дека нема да гласа за носење одлука, бидејќи нема приговор.

Истакна дека по однос на другиот приговор што е доставен на 20.07.2022 година апсолутно треба да се одлучува и на став е дека нема право на приговор, дека судската заштита понатаму може на друг начин да се обезбеди и дека истиот треба да се отфрли како недозволен.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека ќе гласа против отфрлање, и своите ставови се изјавени и на седницата од 01.07.2022 година и во издвоеното мислење, затоа што смета дека судиите треба да имаат заштита како сите работници со правото на приговор. Посочи дека кога веќе по ЗРО, на лица кои се избрани и со определен мандат продолжен до определена дата по 30.06.2022 година, спротивно на Уставот се донесува решенија за кои се ставаат во вон сила решенијата со што им е продолжен мандатот, а се определува дека на 30.06.2022 година им престанува функцијата, па потоа се поставува прашање што со дел од мандатот на тие што наполниле 64 години пред 30.06.2022 година, врз основа на која одлука тие биле на работа кога е решението е ставено вон сила. Истакна дека направен е пропустот кога се донесени решенијата и од таа причина е против.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе да не се враќа на расправа која што е одржана на 01.07.2022 година и на донесени заклучоци од страна на Судскиот совет. Укажа дека во моментот Советот одлучува од процесен аспект, дали е дозволен приговор на донесено решение на Судскиот совет со кое што е констатиран престанок на судиската функција, дали законот за Судскиот совет тоа го дозволува или не.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека го дели мислењето со колешката Весна Дамева по однос на третманот на дописот. Истакна дека не се гледа дека станува збор за приговор, туку наликува повеќе на молба со која се бара да се разгледа дописот со внимание и да се има идентичен третман спрема сите претседатели. Укажа да се стави на гласање за отфрлање кога не е против конкретно решение од процесен аспект е неиздржано.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и се согласи да се стави на гласање само приговорот бр. 03-1322/1 од 20.07.2022 година поднесен од Корнелија Давчева, преку полномошник Адв. Друштво Менкиновски против решение на Судскиот совет бр. 02-1195/3 од 01.07.2022 година и предложи приговорот да се офрли како недозволен.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 8 гласа „За“ и 1 глас „Против“ е донесено следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Приговорот на Корнелија Давчева, судија на Апелациониот суд Штип изјавен против решението на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-1195/3 од 01.07.2022 година преку полномошник Адвокатско Друштво Менкиновски од Скопје, СЕ ОТФРЛА како недозволен.

#По повод следната потточка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека Љупчо Савевски, судија на Основен суд Битола исто така поднесува приговор. Наведе дека судијата смета дека измените на ЗРО се сеуште во процедура.

Предложи да се донесе решение со кое што Приговорот бр. 03-1303/1 од 18.07.2022 година и Приговорот 1209/1 од 05.07.2022 година поднесени од Љупчо Савевски, против Решение на Судскиот совет бр. 02-1195/37 од 01.07.2022 година се отфрла како недозволен.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 8 гласа „За“ и 1 глас „Против“ е донесено следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Приговорот на Љупчо Савевски, судија на Основен суд Битола изјавен против решението на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-1195/37 од 01.07.2022 година, СЕ ОТФРЛА како недозволен.

#По повод следната потточка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека Петкана Јадровска, судија на Апелационен суд Битола, Гоце Малиновски, Љупчо Савевски и Миле Димовски, судии на Основен суд Битола поднеле приговори од причина што сметаат дека е повреден чл. 2 од Уставот и дека годишните одмори им останале неискористени.

Предложи Судскиот совет да донесе решение Приговорот бр. 03-1209/1 од 05.07.2022 година и бр. 03-1209/2 од 07.07.2022

година, поднесен од Петкана Јадровска, против Решение на Судскиот совет бр. 02-1195/42 од 01.07.2022 година, Приговорот бр. 03-1209/1 од 05.07.2022 година и бр. 03-1209/2 од 07.07.2022 година, поднесен од Гоче Малиновски, против Решение на Судскиот совет бр. 02-1195/36 од 01.07.2022 година, Приговорот бр. 03-1209/1 од 05.07.2022 година и бр. 03-1209/2 од 07.07.2022 година, поднесен од Миле Димовски, против Решение на Судскиот совет како и Приговорот од Миле Димовски бр. 03-1333/1 од 21.07.2022 година да се отфрлат како недозволени.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека никој не се јави за збор предлогозите ги стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 8 гласа „За“ и 1 глас „Против“ е донесено следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Приговорот на Гоче Малиновски, судија на Основниот суд Битола изјавен против решението на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-1195/35 од 01.07.2022 година, СЕ ОТФРЛА како недозволен.

Р Е Ш Е Н И Е

Приговорот на Миле Димовски, судија на Основен суд Битола изјавен против решението на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-1195/36 од 01.07.2022 година, СЕ ОТФРЛА како недозволен.

Р Е Ш Е Н И Е

Приговорот на Петкана Јадровска, судија на Апелациониот суд Битола изјавен против решението на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.05-1195/42 од 01.07.2022 година, СЕ ОТФРЛА како недозволен.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 6-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 7-та точка од Дневниот ред.

**Точка 7**
(Разгледување на Известување од Апелационен суд Скопје)

Врз основа на чл. 39 ст. 2 од Законот за Судски совет претседателот на Советот Павлина Црвенковска предложи за 7-та точка од дневниот ред јавноста да се исклучи од седницата.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Судскиот совет заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот со право на глас ја ИСКЛУЧИ ЈАВНОСТА од седницата за 7-та точка на дневниот ред.

Се констатира дека претставниците од Институт за човекови права, Коалиција сите за правично судење и ТВ Телма ја напуштија седницата.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 7-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 8-та точка од Дневниот ред.

**Точка 8**
(Разно)

По повод 8-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска збор му даде на членот на Советот Сашко Георгиев во својство на известител.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека има предмет оформен по барање за утврдување на одговорност каде тој е претседател, а колешките Тања Чачарова Илиевска и Лорета Горгиевска се членови на комисија. Посочи дека станува збор за барање поднесено од /// против судијата ///. Напомена дека за идентичниот настан има претходно поднесено барање за утврдување на одговорност од страна на колешката

Мери Радевска и има формирано комисија која постапува. Укажа дека исто така, подносителот до Советот доставува посебно и барање информација за текот на постапката.

Истакна дилема дали се припојат барањата т.е. постапките и дали да се одговори на барањето на подносителот, со оглед дека се бараат информации за постапка каде тој не е претседател на комисија.

Во продолжение претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека не е рационално да се спојува постапката по двете барања, бидејќи не ќе може да се постапи затоа што нема основ за такво спојување. Посочи дека постапката иницирана по повод нејзиното барање за утврдување на одговорност веќе е во фаза на испитано барање и се чека да се достави одговор и да се одржи расправа. Потенцира дека во никој случај не може двајца подносители да се јават на расправа.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и посочи да се состанат двете комисии и меѓусебно да се координираат.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатираше дека повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор.

Од тие причини Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 410-та седница на Советот и дека истата е завршена во 13:50 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Павлина Црвенковска

**Изработил:** Ален Раденковиќ
**Одобрил**: Весна Толева